Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

Сектор за основно образование

Sektori për arsim fillor

Бр. 12-6659/3

Датум 26-07-2019

До: Градоначалник на ____________________

Предмет: Известување

Почитуван,

До Министерството за образование и наука од страна на Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија врз основа на Извештајот на Народниот правобранител за степенот на обезбедувањето почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права во 2018 година доставени се Мерки за спроведување на препораките за надминување на констатираните состојби содржани во Извештајот на Народниот правобранител.

Во областа на правата на детето, Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија, единиците на локалната самоуправа и Градот Скопје треба да преземат мерки за зајакнување на капацитетите на стручните служби и наставниот кадар за препознавање и пријавување на случаите на насилство, злоупотреба и заменарување на деца, како и мерки за елиминирање на појавата на насилно однесување меѓу учениците.

Врз основа на наведеното Минисерството за образование и наука Ве известува дека потребно е да преземете соодветни мерки за за зајакнување на капацитетите на стручните служби и наставниот кадар за препознавање и пријавување на случаите на насилство, злоупотреба и заменарување на деца, како и мерки за елиминирање на појавата на насилно однесување меѓу учениците.

Воедно Ве известуваме дека на страната на Министерството за труд и социјална политика има протоколи од областа на заштита на деца:

- Мултидисциплинарен протокол за постапување (идентификација и упатување) со деца на улица/улични деца во Република Македонија;
- Протокол за постапување во процесот на превенција и заштита на децата од злоупотреба и занемарување;
- Протокол за соработка меѓу надлежните институции во случаи на сексуална злоупотреба на деца и педофилија.

Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**
Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

Сектор за основно образование
Sektori për arsim fillor

Исто така напоменуваме дека согласно член 64-а став (10) како и согласно член 64-б став (8) од Законот за основното образование образование („Службен весник на Република Македонија" број 103/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/16, 67/2017 и 64/2018) министерот за образование и наука донесува Програма за советување на ученици во основните училишта и Програма за советување на родители на ученици во основните училишта.

Како и согласно член 58-б став (8) и член 58-а став (10) од Законот за средното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017 и 64/2018) министерот за образование и наука донесува Програма за советување на ученици во средните училишта и Програма за советување на родители на ученици во средните училишта.

Согласно наведеното Ве известуваме дека училиштата се должни да ги применуваат Програмите согласно Законот за основното образование и Законот за средното образование, наведените протоколи со цел заштита на децата од сите облици на насилство, злоупотреба и занемарување, како и преземање на мерки за елиминирање на насилството.

Имајќи во предвид дека Министерството за образование и наука треба да доставува периодични извештаи до Народниот правобранител, потрбно е да доставите извештај до Министерството за образование и наука, Секторот за основно образование односно Секторот за средно образование. Извештајот потребно е да ги доставите до 20 декември и да содржи податоци за периодот од септември 2019 година до декември 2019 година.

Доставувањето на овие извештаи треба да се реализира два пати годишно, секоја година и тоа:

- до 01 јуни во тековната година за период од јануари до крај на мај;
- до 20 декември за период од септември до декември.
-

Со почит

Министер/Ministër,
Dr.Arbër Ademi

Подготвил: Илина Тарчуговска
Контролирал: м-р Даниела Граороска/Нуран Кадриу Џамбази
Согласен: Елена Ивановска /Дана Бишкоска
Одобрил: Назиктере Сулејмани/Сафет Незири